ОПШТИНА ОХРИД
Бр. 04 – 1890/1
11 .02. 2025 година
О х р и д

Врз основа на член 45 став (1) од Законот за административни службеници ("Сл. весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016,11/2018 и"Сл.весник на РСМ" број275/19, 14/20 , 215/21, 99/22 и 208/24 ) , Секретарот на Општина Охрид донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по јавен оглас за вработување административен службеник

1. Кандидатот ВАСКО САЈКОСКИ се избира за работното место УПР0101В01000,Советник за уредување на јавни површини и урбана опрема во Одделение за комунални дејности , Сектор за комунални дејности и сообраќај.
2. Оваа одлука ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

### О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за администрација по барање на општината Охрид во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Лајм" објави јавен оглас број 411/2024 за вработување на еден административен службеник од група I, подгрупа I во Општина Охрид за работното место УПР0101В01000,Советник за уредување на јавни површини и урбана опрема,Одделение за комунални дејности во Сектор за комунални дејности и сообраќај.

Комисијата за селекција на ден 14.01.2025 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник бр. 10-193/2) , на ден 31.01. 2025 година спроведе испит за административен службеник (Записник бр. 10-193/3) и на ден 04.02.2025 година се спроведе проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник (Записник бр. 10-193/4).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекцијата, Комисијата за селекција изготви конечна ранг-листа и предлог на кандидат за вработување на работното место УПР0101В01000,Советник за уредување на јавни површини и урбана опрема во Одделение за комунални дејности, Сектор за комунални дејности и сообраќај, бр. 10-193/5 од 04.02.2025 година кој во законскиот рок го достави до Секретарот заради избор на кандидат.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Поука за правно средство:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на нејзиното објавување на веб-страницата и на огласна табла на Агенцијата за администрација.

СЕКРЕТАР,
Александар Китески

Одобрил,Раководител Лидија Грданоска
Изработил Пом.соработник :Владимир Ристески
Доставено до:- кандидатот- Одделение за УЧР- Агенција за администрација